Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР
СКОПЈЕ

| Примено: | 12-03-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 04 | 20/6 | | |

Бр. 02 – 330/6
28.2.2020 година
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 43, член 173, став 2 и член 175, став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на 39. седница одржана на 28.2.2020 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**потврдување на избор во звањето редовен професор**

**Член 1**

Се потврдува изборот во звањето редовен професор на **д-р Елена Никољски-Паневски,** вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, во наставно-научната област:

- *проектирање на мебел и ентериер* – (41102).

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

ДН:

- Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје
- проф. д-р Елена Никољски-Паневски

Изработил: м-р Елизабета Додевска

Генерален секретар: м-р Марија Маневска

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"ВО СКОПЈЕ**
**Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје**
**ул. „16-та Македонска Бригада"бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје**
**Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590**

Бр. 0202-75/2-II-2
10.2.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 175, став 2 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" број 82/2018) и член 66 став 1, точка 8 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 446/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, на седницата одржана на 10.2.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор во наставно-научно звање редовен професор**

Д-р Елена Никољски Паневски, вонреден професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје се избира во наставно-научно звање редовен професор во наставно-научната област проектирање на мебел и ентериер, под број 41102 според Класификацијата на научни области, полиња и гранки на истражување, усогласена со стандардите на OECD и UNESKO на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

**Образложение**

На конкурсот објавен на ден 20.11.2019 година во дневните весници Коха и Нова Македонија, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област проектирање на мебел и ентериер, под број 41102 според Класификацијата на научни области, полиња и гранки на истражување, усогласена со стандардите на OECD и UNESKO, се пријави кандидатот д-р Елена Никољски Паневски, вонреден професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

Извештајот на рецензентската комисија е објавен во Билтен на Универзитетот бр. 1207 од 15 јануари 2020 год.

Наставно научниот совет на седницата одржана на 10.2.2020 година, едногласно го усвои предлогот на рецензентската комисија и ја донесе горенаведената одлука како во диспозитивот.

Декан
____________
Проф. д-р Зоран Трпоски

да се достави до:
- горeименуваната,
- Универзитетскиот сенат;
- досие и
- архивата на Факултетот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

**Број 1207**

Скопје, 15 јануари 2020 година

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1207 ОД 15 ЈАНУАРИ 2020 ГОДИНА

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Збирка решени задачи по предметот Технологија на бетон** од авторот **вонр. проф. д-р Тони Аранѓеловски**.................................................7-11

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Пакизе Билали, м-р Мартин Киселички, м-р Јани Манасов, м-р Маријана Цветаноска, м-р Беким Граинца, м-р Мартин Стојановиќ, м-р Марина Бадаровска Мишевска**)................................................................12-13
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Горан Мојаноски, м-р Еркан Јусуфи**)................................................................14

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Математика во 3Д** од авторот **вонр. проф. д-р Емилија Целакоска**................................................................15-17
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Придонес во развојот на методологијата за менаџмент со трошоците за квалитет** изработена од **м-р Цветанка Велкоска, дипл.маш.инж.**, пријавена на Машинскиот факултет – Скопје................................................................18-32
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Дизајнирање на формата за адитивно производство** од **м-р Јелена Џокиќ**, пријавена на Машинскиот факултет – Скопје................................................................33-36

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Приговор на Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област интерна медицина и токсикологија на Медицинскиот факултет – Скопје, објавен во Билтен бр. 1205 од 15.12.2019 година, поднесен од **насл. доц. д-р Андон Чибишев**................................................................37-38
2. Одговор на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област интерна медицина и токсикологија на Медицинскиот факултет – Скопје, објавен во Билтен бр. 1205 од 15.12.2019 година................................................................39
3. Реферат за избор на 2 лица во сите научни звања во научните области: фармакологија, токсикологија и клиничка фармакологија на Медицинскиот факултет – Скопје (**н. сор. д-р Емилија Атанасовска**)................................................................40-51
4. Реферат за избор во сите наставно-научни звања (од сродно научно подрачје) во научните области: фармакологија, токсикологија и клиничка фармакологија на Медицинскиот факултет - Скопје (**н. сор. д-р Драгица Зенделовска, н. сор. д-р Игор Кикерков, н. сор. д-р Марија Петрушевска**)................................................................52-83
5. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области интерна медицина и пулмологија со фтизиологија на Медицинскиот факултет – Скопје (**н.сов.д-р Златица Димитријевиќ Гошева, в. н. сор. д-р Јагода Стојковиќ, н. сов. д-р Деска Димитриевска, ас. д-р Димитар Каркински**)..............................84-165
6. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања во научните области: хирургија и детска хирургија на Медицинскиот факултет – Скопје (**асс. докторанд д-р Тони Ристески**)................................................................166-185
7. Реферат за избор на асистент по предметот **Хигиена** на Медицинскиот факултет – Скопје (**д-р Александра Петрова**)................................................................186-189

8. Рецензија на ракописот **Јодот во урина како биохемиски маркер: индикации, методологија и сопствени искуства** од авторката **в. н. сор. д-р Соња Кузмановска**........................................190-193
9. Рецензија на ракописот **Естетска хирургија на глава и врат** од авторката **проф. д-р Смиља Туџарова Ѓоргова** и соработници........................................194-196
10. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Ендометријалната дебелина како предиктор на ендометријален малигнитет кај постменопаузални пациентки** од **м-р д-р Тофилоска Валентина**, пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје........................................197-204
11. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Скрининг на прееклампсии во прв триместар од бременоста: серумското ниво на плацентарниот фактор на раст наспроти мајчините карактеристики** од **д-р Кристина Скепаровска,** пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје........................................205-215
12. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Ехокардиографска процена на левокоморна функција и левокоморна деформација (STRAIN) кај пациенти со изразена аортна стеноза пред и по аортна валвуларна хирургија** од **д-р Планинка Зафировска**, пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје........................................216-229

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Договор за доживотна рента во Република Македонија и во споредбеното право**, од **м-р Ирфан Тефики,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје........................................230-237
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Правна рамка против трговијата со луѓе во Европа, со посебен акцент на студијата на случај за Косово** од **м-р Ариана Ќоса Мустафа,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје..238-245

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања од областа на физиологија, друго и ензими на Заводот за физиологија и биохемија при Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет – Скопје (**вонр.проф.д-р Биљана Миова**).246-264
2. Реферат за избор на еден насловен вонреден професор по група предмети од наставно-научните области: структурна хемија и друго (хемија во фармација) на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет – Скопје (**д-р Ѓорѓи Петрушевски**)........................................265-277
3. Реферат за избор на еден асистент по група предмети од наставно-научните области: математика и применета математика и метематичко моделирање, на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет – Скопје (**м-р Марко Димовски**)........................................278-281

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) максилофацијална хирургија на Стоматолошкиот факултет – Скопје (д-р **Антонио Кирков**)........................................282-292
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Проценка на скелетни, дентоалвеоларни и мекоткивни карактеристики на малоклузија II класа 1-во одделение** од **д-р Ирена Гавриловиќ**, пријавена на Стоматолошкиот факултет – Скопје........................................293-301

ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања на група предмети во областа – проектирање на мебел и ентериер на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје (**вонр. проф. д-р Елена Никољски Паневски**)...302-322

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ВО ОБЛАСТА - ПРОЕКТИРАЊЕ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

Со Одлука број 0202-420/2-X-3, донесена на 20.12.2019 година на X седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за оцена на пријавениот кандидат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на група предмети во областа проектирање на мебел и ентериер, во состав: д-р Владимир Каранаков, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, д-р Митко Хаџи-Пуља, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје и д-р Ѓорѓи Груевски, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

На конкурсот објавен на 20.11.2019 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", се пријави само кандидатката д-р Елена Никољски Паневски, вонреден професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, за избор на наставник во сите наставно-научни звања на група предмети во областа проектирање на мебел и ентериер. Врз основа на извршениот преглед на поднесената документација и другите чинители релевантни за избор на кандидатката, Комисијата го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката проф. д-р Елена Никољски Паневски диа, е родена на 19.4.1969 година во Скопје. Основното образование го завршила во о.у. „Ј.Х.Песталоци", а средното образование во гимназијата „Никола Карев" во Скопје. Студиите на Архитектонскиот факултет во Скопје ги започнала во 1989-90, а ги завршила во 1993 година, дипломирајќи со проектот за „Градска ботаничка градина", изработен под менторство на проф.д-р Никола Павловски.

Во студиската 2001 година се запишува на постдипломските студии на Архитектонскиот факултет во Скопје. Магистерскиот труд под наслов: „Дизајнирањето на мебел, ергономијата, технолошкиот развој и нивното влијание врз прогресивната еволуција во проектирањето и дизајнирањето на кујните во станот" го одбранила на 6.7.2006 година на Архитектонскиот факултет во Скопје. Магистерскиот труд го изработила под менторство на проф. д-р Иванка Кировска.

Докторската дисертација: „Интегралност кај недвижниот и движниот мебел, во македонската куќа од XIX век и можности за континуитет", а рецензијата за докторската дисертација, изготвена од Комисијата за нејзина оцена и одбрана, е објавена во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.969 од 1.9.2009 година и е прифатена од Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје на 0201-72/VI-2, седница одржана на 23.9.2009 година. Докторската дисертација кандидатката ја изработила под менторство на проф. д-р Јасмина Хаџиева - Алексиевска, и ја одбранила на 19.10.2009.

Како студент на постдипломските студии, кандидатката д-р Елена Никољски била ангажирана, како демонстратор, во реализацијата на вежбите по предметите: Индустриски дизајн и Организација на простор, насока: проектирање и технологија на мебел и ентериер (ПТМЕ) на Шумарскиот факултет во Скопје, под раководство на проф. д-р Иванка Кировска, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје. Вежбите се изведувани во учебните 2004/2005 и 2005/2006 година.

Во ноември 2006 година била избрана за асистент на Шумарскиот факултет, на насоката проектирање на мебел и ентериер (Билтен бр. 905 од 16.10.2006). Од септември во учебната 2006/2007, година па се до април 2010, кандидатката ги реализирала наставата и вежбите по следниве предмети: Историја на уметноста, Историја на уметноста низ стилови, Конструктивни системи на градба, Елементи во организација на простор, Индустриски дизајн и Организација на простор (само во 2009 година), под покровителство на доц. д-р Владимир Каранаков на Шумарскиот факултет, насока проектирање на мебел и ентериер.

На 15.9.2010 година, д-р Елена Никољски Паневски била избрана во научно звање - доцент, на наставната програма Проектирање на мебел и ентериер, на предметните програми: Елементи на проектирање мебел и ентериер, Проектирање на мебел и ентериер, Проектирање на мебел и градежна столарија, Елементи на организација на простор, Организација на простор, Индустриски дизајн, Перспектива и Нацртна геометрија со техничко цртање. Во звањето доцент била избрана со одлука бр. 0201-63/V-5, од 1.6.2010 година, од страна на Наставно - научниот совет на Шумарскиот факултет, Скопје, со примена од 15.9.2010 година.

Во наставниот процес редовно ги изведувала предавањата и вежбите на додипломските и постдипломските студии по предметите: Историја на уметност; Историја на уметност низ стилови; Конструктивни системи во обликување на просторот; Елементи на организација на простор; Организација на простор и индустриски дизајн, од додипломските студии како и предметите: Развој на ентериерот од 20.век до денес и тенденции во дизајнот и Детал во дизајнот од постдипломските студии на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

Со Одлука број 0202-232/2-V-2 од 16.6.2015 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, Кандидатката е избрана во наставно-научното звање вонреден професор во сите наставно - научни звања на група предмети во областа проектирање на мебел и ентериер, со усвојување на извештајот на Рецензентската комисија во состав: Д-р Владимир Каранаков, вонреден професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, во пензија, д-р Виолета Ефремовска, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, објавен во Билтен на Универзитетот бр. 1099 од 30.4.2015 година.

Учествувала во повеќе комисии на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, во жири-комисијата за оценка на Саемот за мебел во Скопје, како и во комисии на други институции. Учествувала во изработка на повеќе апликативни проекти за ентериери и дизајн на мебел, на конкурси и јавни повици, преку Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер. Од 2018 година е организатор и куратор на Годишната изложба на студентите од Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

Кандидатката во континуитет пишува научно-истражувачки трудови во полето на нејзиниот потесен интерес - дизајнот, традицијата и континуитетот на традицијата во современоста. Учествува со трудови и усна презентација на Интернационалната конференција Wood, design & Technology која Факултетот традиционално ја организира во Универзитетскиот кампус на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", сместен во Охрид.

Во мај 2019 учествува во изработката на Монографија за Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер и неговата генеза од Шумарскиот факултет - сегмент кој е објавен во збирната Монографија издадена по повод 70години од Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" - Скопје.

Во јануари 2019 година излезе од печат нејзината прва научна книга „Мебелот во македонската куќа од 19 век" - промовирана во МАНУ 20 јуни 2019 година. Промотор на презентацијата беше проф. Сашо Цветковски претседател на Центарот за Културно наследство „Цветан Грозданов", при МАНУ.

Кандидатката д-р Елена Никољски Паневски во професијата ги користи следните светски јазици: германски јазик, англиски јазик, италијански јазик, како и одредени софтвери и програми: MSOffice, Auto Cad, Adobe (In Design, Photoshop).

## 2. НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во текот на својата работа како вонреден професор, кандидатката д-р Елена Никољски-Паневски се изградила во педагог со широк дијапазон на афинитети кон наставата и наставно-образовниот процес на Факултетот. Нејзиниот капацитет особено се истакнува во работата со студентите, покажувајќи интерес кон развивањето на нивната критичка мисла за аналитичко размислување при совладувањето на знаењата. Темелна, методична и креативно предиспонирана за активно учество, развивање и унапредување на наставниот процес, таа постојано придонесува кон подобрувањето на организацијата на наставата, внесувајќи притоа нови свежи идеи и конструктивно-практични начини за работа со студентите.

Од учебната 2013/2014 година со воведувањето на новите студиски програми за додипломските студии на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер (Инженерство на мебел и дрво и Дизајн на мебел и ентериер), кандидатката ги реализира новововедените предмети со предавања и вежби: Стилови и декорација; Композиција осветлување и бои; Проектирање - основи; Проектирање - реализација и предметот Индустријски дизајн - современи движења.

На постдипломските студии од областа на дизајнот и технологиите на мебел и ентериер на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер, кандидатката ја реализира наставата по предметите: Теорија на дизајн, Структура на ентериерот, Индустрискиот дизајн во современите ентериери, Историја и критика на ентериерите, Естетика и етика во проектирањето, Домашни простори и култура на домување, Урбана опрема, Самоодржливи ентериери, Ентериерите во филм, сценографија и фотографија, Социјална ергономија во дизајнот.

Наставата ја изведува на високо педагошко ниво, базирајќи се пред се на искуството од долгогодишната кариера во областа на ентериерите и дизајнот, како и на богатата референца (67 ентериери) од реализирани објекти. Во наставата од големо значење и се и искуствата во научноистражувачката дејност (9 труда објавени во релевантни меѓународни научни списанија од изборот во вонреден професор до денес) и бројните контакти кои ги имала со соработници од земјата и од странство. И покрај исклучително големиот обем на предмети и задолженија во наставата, кандидатката со совесност и чесност ја исполнува мисијата да се биде едукатор, професор, подготвувајќи ги студентите одговорно да навлезат во една дејност која се покажа како исклучително апликативна во нашата држава, стекнувајќи се со дипломата: дипломиран инженер по дизајн и технологии на мебел и ентериер.

Во периодот од изборот во звањето вонреден професор до денес, д-р Елена Никољски Паневски била ментор на 50 (педесет) дипломски труда и учествувала како член на комисија за оцена и одбрана на 10 (десет) дипломски труда. Во изминатиот период била ментор на магистерски труд и член во комисии за одбрана на магистерски трудови.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

1. NIKOLJSKI PANEVSKI, E. (2016): Semantics of symbolic Decoration on Macedonian Traditional Movable Furniture from 19th century, Drvna Industrija,Vol.67,2, Zagreb, 2016.

Трудот е анализа на симболичкото декорирање на движниот и вградениот мебел, во македонската преродбена куќа од XIX век. Во трудот се истакнува дека декорирањето во овој период било процес на експресија на внатрешниот, мисловниот свет со надворешниот животниот. Анализирајќи ја семантиката на декорацијата и потребата да се изрази себеси во трудот понатаму се согледува дека самоукиот мајстор тоа го правел преку исцртување, врежување или длабење, резбање на мебелот. Овие сознанија го појаснуваат процесот како свесна потреба кај народот за декорација на своето окружување. Преку кусата диференцијација помеѓу античкиот и христијанскиот контекст, како два модела на изразување на народот од ова поднебје

во анализираниот период, се заклучува дека тие непобитно оставиле белези во сите форми на космолошки слики и претстави кај движниот и вградениот мебел во Македонија од XIX век.

2. NIKOLJSKI PANEVSKI, E.(2015): A. Petanovski, I. Spirovski, Published Papers about Interior Design from South East Europe in the Scopus Database (1977-2015), Vol.1, SEE J archit. Des. Nov. 09; 2015:10007, Skopje 2015.

Во трудот е направен преглед на публикувани научноистражувачки трудови од областа на дизајнот во југоисточна Европа. Се констатира дека најголем број на научноистражувачки трудови од областа на дизајн се објавени во италијанските референтни списанија кои се влезени во базата на податоци Скопус, а веднаш потоа следуваат турските списанија со истите референтни податоци. Истражувањето е важно за сите научници кои професионално се занимаваат со истражувањата во дизајнот како сегмент од биотехничките науки, кој е недоволно истражен, за сметка на тоа колку дизајнот е присутен во животот на луѓето. Трудот го истражува значењето на зборот истражување во дизајнот каде што резултатите до кои доаѓаме не можат да се изразат со емпириска формула.

3. Aziri, Z., NIKOLJSKI PANEVSKI, E. (2016) An Analysis of the Concept for organization and Arranging with Furniture of Office Spaces, Vol.2, SEE J archit. Des. May 09; Skopje 2016.

Во трудот е анализиран концептот на организација на постоен простор (ентериер од 300м2 во Скопје) и негово уредување со канцелариски мебел, антропометриските и ергономските референци како двигатели на современите концепти на организација на канцелариски простор.

4. NIKOLJSKI PANEVSKI, E. (2016): Children Bedroom Furniture of Preschool period according to child development, Wood, design and technology - Journal of wood science, design and technology, Vol.4, No1, Skopje, 2016.

Предмет на разработка во овој труд е пристапот при уредувањето на детските соби со мебел и, особено, изборот на соодветен материјал, согласно со возраста и потребите на децата. Понатаму, направена е анализа на стандардите усвоени од Европската Унија околу материјалите подобни за изведба на мебел за детските соби.

5. NIKOLJSKI PANEVSKI, E., Aziri, Z. (2017): Divergent office interior design for two different purposes, Wood, design and technology, Scientific - Journal of wood science, design and Technology, Vol.6, No1, Skopje, 2017.

Во трудот се потенцира дивергентниот пристап при организација на еден простор со две сосема поинакви намени и разликата при подготовка на проектната програма за секоја од намените.

6. NIKOLJSKI PANEVSKI, E., Trajkovska, D., (2018): Macedonian house from the beginning of the XIX century in Veles, Wood, design and technology - Journal of wood science, design and technology, Vol.7, Skopje, 2018.

Извршено е тематско истражување на конструктивните и естетските вредности во традиционалната македонска архитектура, со цел утврдување на архитектонските категории вградени во сите народни градителски творби на македонско тло. Истражувањето е спроведено во рамки на историското старо ткиво на градот Велес, РС Македонија, меѓутоа преку него се издвоени основните белези на народната архитектура карактеристична за ова поднебје. Подетално се анализирани оние вредности кои го диференцираат овој крај од останатите. Во истражувањето се вклучени повеќе методи преку кои е овозможено да се определат сите параметри употребени од страна на народниот градител.

7. NIKOLJSKI PANEVSKI, E., Takovska, E., (2018): Decorative values of the built in furniture in Berovo Monastery complex from the beginning of the XIX century, Wood, design and technology - Journal of wood science, design and technology, Vol.7, Skopje, 2018.

Во трудот е направено истражување на декоративните вредности на вградениот мебел во манастирскиот комплекс од почетокот на XIX век, ситуиран покрај градот Берово, РС Македонија. Манастирскиот комплекс има своја специфична историска посебност, воедно е и пример за конструктивните и естетските вредности во традиционалната македонска архитектура. Во трудот подетално се обработени

вградениот и движниот мебелот во манастирската трпезарија и во собата за гости. Спроведеното истражување резултира со констатацијата дека народната сакрална архитектура изобилува со естетски вредности кои проникнуваат од секој вграден детал, а самиот народен мајстор со голема градителска вештина успеал тие вредности да ги презентира во вистинско светло.

8. NIKOLJSKI PANEVSKI, E., Kanevce, I. (2019): Quality of the wooden material in outdoor furniture. Proceedings of the 4th international scientific conference ,,Wood technology &product design", 2019, Ohrid, pp.

9. NIKOLJSKI PANEVSKI, E., Tashkova,E. (2019): Urban furniture design. Proceedings of the 4th international scientific conference ,,Wood technology &product design", 2019, Ohrid, pp.

Трудовите се разултат на истражувањата во областа на мебелот за екстериери и урбаниот дизајн. Предмет на интерес е изработката на проект за мебел (гарнитура или сет) предвидени да одговорат на повеќе специфични барања, како на пример: избор на материјал резистентен на надворешни влијанија и изработка на дизајн за сите или за поширока потрошувачка.

**Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)**

10. NIKOLJSKI PANEVSKI, E.,: Quality of the wooden material in outdoor furniture. 4th International scientific conference ,,Wood technology &product design", 2019, Ohrid, pp.

11. NIKOLJSKI PANEVSKI, E.,: Urban furniture design. 4th International scientific conference ,,Wood technology &product design", 2019, Ohrid, pp.

На последната 4-та интернационална конференција организирана од Факултетот за дизајн и технологии намебел и ентериер, а одржана во септември 2019 година, кандидатот проф. д-р Елена Никољски Паневски реализираше две усмени презентации на погоренаведените трудови од областа на дизајнот.

12. „Потенцијал за развој на рурален туризам низ призмата на архитектурата на селата во Република Македонија", носител на проектот: Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје. Научноистражувачки проект финансиран од средствата на Универзитет ,,Св.Кирил и Методиј", 2015 година.

**4. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

Во периодот од избор во звањето вонреден професор до денес (2015-2020 година) кандидатот проф. д-р Елена Никољски Паневски реализираше неколку идејни проекти кои следувателно беа реализирани. Помеѓу нив се и следните:

1. Идејно архитектонско решение: Проект за ентериер на повеќенаменски простор за невработени млади од социјално загрозени категории - СОС Детско село - општина Гази Баба, Скопје, 2017 година.

2. Идејно архитектонско решение: Проект за ентериер на канцелариски простор на Јавното комунално претпријатие - општина Гази Баба, Скопје, 2017 година.

3. Идејно архитектонско решение: Проект за ентериер на библиотека и повеќенаменска сала за собири во рамките на Културниот дом во населба Автокоманда - т.ц. Автокоманда Општина Гази Баба, Скопје, 2017 година.

4. Идејно обликовно решение за елементи од мебел, урбана опрема: Јавен повик - Конкурс, четири проекти за мебел и урбана опрема за општина Гази Баба, Скопје, 2018 година.

5. Организатор и куратор на првата Годишна изложба на студентите од Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер, Музеј на Град Скопје, мај 2019 .

6. Организатор на Првото учество на студентите од Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер, на 3-та Демирхисарска летна школа – која традиционално се одржува во Манастирот во село Слепче, јуни 2019год.

7. Идејно архитектонско решение за конзервација на постојната потконструкција и проект за изведба на нова таваница во црквата св.Никола, село Враништа, Струга, август 2019.

## 5. СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

1. Автор на книга од научно/стручна област: „Мебелот во македонската куќа од XIX век", излезе од печат јануари 2019, промовирана на 20.6.2019 година во МАНУ, Скопје.

2. Претседател на Рецензентска комисија при Министерството за образование и наука - Биро за развој на образование на РМ, за предметот: „Развој на архитектурата", за II година, Градежно-геодетска струка, образовен профил, архитектонски техничар, април 2019 година Скопје.

3. Координатор во подготовка на Елаборат за нова студиска програма по двете насоки на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер: Инженерство на мебел и дрво и Дизајн на мебел и ентериер, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", мај 2017, Скопје.

## 6. ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Во периодот од избор во звањето вонреден професор до денес (2015-2020 година) кандидатот проф. д-р Елена Никољски Паневски зема активно учество во работата на бројни комисии во рамките на дејностите од поширок интерес на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер. Помеѓу нив се и следниве:

1. претседател на Комисија за одбрана на магистерски труд: „Анализа на формата и димензиите на училишниот мебел за седење и работа во основните училишта во Општина Аеродром и негово влијание врз реалните корисници", изработен од кандидатката дипл.инж. Елена Јевтоска, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје (Одлука Бр. 0202-162/2 -III-2, од 6.4.2016год);

2. член на Комисија за оценка на магистерски труд: „Анализа на формата и димензиите на училишниот мебел за седење и работа во основните училишта во Општина Аеродром и негово влијание врз реалните корисници", изработен од кандидатката дипл.инж. Елена Јевтоска, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје (Одлука Бр. 0202-119/2 -II-3, од 14.3.2016год);

3. претседател на Комисија за одбрана на магистерски труд: „Проектирање на ентериер на простор со ограничени димензии, имплементиран како дизајнирачко размислување во поморско-транспортната индустрија", изработен од кандидатката дипл.инж. Анета Мицевска, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје (Одлука Бр. 0202-303/2 - VII-3 од 17.9.2015год);

4. член на Комисија за оценка на магистерски труд: „Проектирање на ентериер на простор со ограничени димензии, имплементиран како дизајнирачко размислување во поморско-транспортната индустрија", изработен од кандидатката дипл.инж. Анета Мицевска, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје (Одлука Бр. 0202-282/2 -VI-5, од 27.8.2015год);

5. претседател на Комисија за одбрана на магистерски труд: „Архитектурата и дизајнот на селската куќа во Малесија како индикатор за развој на рурален туризам", изработен од кандидатката дипл.инж. Ирена Кешељ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје (Одлука Бр. 0202-303/2 -VII-2, од 17.9.2015год);

6. член на Комисија за оценка на магистерски труд: „Архитектурата и дизајнот на селската куќа во Малесија како индикатор за развој на рурален туризам", изработен од кандидатката дипл.инж. Ирена Кешељ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје (Одлука Бр. 0202-282/2 -VI-6, од 27.8.2015год);

7. претседател на Комисија за одбрана на магистерски труд: „Инфлуенцата и бенефитот од имплементацијата на нано - материјалите како индикатор за иновативни солуции во современиот дизајн на мебел и ентериерно уредување", изработен од кандидатката дипл.инж. Теа Бошковска, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје (Одлука Бр. 0202-382/2 -VIII-2, од 1.10.2015год);

8. член на Комисија за оценка на магистерски труд: „Инфлуенцата и бенефитот од имплементацијата на нано - материјалите како индикатор за иновативни солуции во современиот дизајн на мебел и ентериерно уредување", изработен од кандидатката дипл.инж. Теа Бошковска, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје (Одлука Бр. 0202-303/2 -VII-6, од 17.9.2015год);

9. член на комисија за одбрана и Ментор на магистерски труд: „Анализа на концептите на организација и опремување со мебел кај канцелариските простори", изработен од кандидатот дипл.диз. Зејнелабедин Азири, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје (Одлука Бр. 0202-328/2 -VIII-3, од 1.10.2015год);

10. член на Комисија за оценка на магистерски труд: „Анализа на концептите на организација и опремување со мебел кај канцелариските простори", изработен од кандидатот дипл.диз. Зејнелабедин Азири, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје (Одлука Бр. 0202-282/2 -VI-7, од 27.8.2015год);

11. член во Комисија за одбрана на магистерски труд под наслов: „Просторно - функционална анализа на кујни за различни категории на корисници во индивидуални и јавни објекти", изработен од кандидат Ј.Тодоровска, на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје (Одлука Бр. 0202-358/2-VI-5 од 22.8.2017год.);

12. член во Комисија за оценка на магистерски труд под наслов: „Просторно - функционална анализа на кујни за различни категории на корисници во индивидуални и јавни објекти", изработен од кандидат Ј.Тодоровска, на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје (Одлука Бр. 0202-271/2-IV-4 од 31.5.2017год.);

13. член на Комисија за самоевалуација на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје (Одлука Бр. 0202-461/2 - VIII-4, од 21.11.2016год.);

14. член на Комисија за потврдување на исполнетост на техничка спецификација од тендерска документација на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје (Одлука Бр. 0201-40/2 -I-11 од 25.1.2018год);

15. координатор на манифестацијата отворен ден на УКИМ и отворен ден на Општина Гази Баба Скопје (Одлука бр. 0201-234/2 -VI-2 од 3.5.2018год);

16. модератор на дебатата „Оригинал или Копија", во рамките на манифестацијата Саем за мебел МЕБЕЛ 2018-Скопје (Одлука бр. 0201-402/2 -XI-3 од 8.10.2018год);

17. член на Деканска управа за периодот декември 2017/ноември 2018 год. (Одлука бр. 0201-515/2 -XV-2 од 18.12.2017год);

18. член на селекциона Комисија за поддршка на објавување на трудови во престижни списанија за 2016 година (Одлука бр. 0201-541/2 -XVI-2 од 29.12.2017год);

19. член на изборна Комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје (Одлука бр. 02-324/3 од 30.10.2019 год.);

20. член на Деканатот, продекан за настава за мандатниот период 2019/2021 година (Одлука бр. 0201-338/2 -I-1 од 4.11.2019 год.);

21. член на Програмски одбор за Меѓународната научна конференција „Wood Technology & Product Design" - 2019 година, (Одлука бр. 0202-167/2 -IV-4 од 23.4.2019год.);

22. член на Комисија за спроведување на уписите во прва година 2018/2019 година на прв циклус студии на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје (Одлука бр. 0202-214/2-III-3 од 17.4.2018год.);

23. член на Комисија за утврдување соодветност на наставните програми (Одлука бр. 0202-276/2 -VII-13 од 23.9.2019год.);

